Врз  основа на член 17, став 3 од Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија", бр.113/07,22/08, 159/08,133/09,145/10,35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13 и 153/15) министерот за финансии донесе

# УПАТСТВО
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЛАТНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ ВО ЗЕМЈАТА

Пречистен текст (Неофицијална верзија)

("Службен весник на РМ" бр.161/07, 56/08, 114/08, 149/08, 165/08, 95/09, 18/11 и 77/12)

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**1.** Со оваа упатство се пропишуваат формата и содржината на платните инструменти, кои се во употреба и исклучителна примена во платниот промет на Република Македонија помеѓу учесниците во платниот промет (во понатамошниот текст: учесниците) и носителите на платниот промет (во понатамошниот текст: носителите).

**2.** Платен инструмент претставува однапред утврден образец со единствена содржина и форма, со кој учесникот му наложува на носителот да изврши плаќање.

**3.** Учесниците и носителите на платниот промет ги применуваат пропишаните платни инструменти кои се единствени за извршување на платниот промет во земјата.

## II. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ПЛАТНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ

**4.** Секој платен инструмент задолжително го содржи називот (името) на платниот инструмент, во горниот десен агол и бројот на образецот во долниот десен агол.

**5.** На платните инструменти се впишуваат податоци кои се неопходни за реализација на финансиските трансакции помеѓу учесниците во платниот промет. Тие податоци се впишуваат во за тоа определени полиња на инструментите и се нарекуваат елементи на платните инструменти.

**6.** Елементите на платните инструменти се впишуваат на платните инструменти со алфанумерички и нумерички знаци.

**7.** Платните инструменти се печатат и пополнуваат на македонски јазик со кирилично писмо во печатни букви.

**8.** Платни инструменти во смисла на ова упатство се:

**8.1. УПЛАТНИЦА** (*образец* ***ПП 10***);
**8.2. НАЛОГ ЗА ИСПЛАТА НА ГОТОВИНА** (*образец* ***ПП 40***);
**8.3. УПАТНИЦА ЗА ИСПЛАТА НА ГОТОВИНА** (*образец* ***ПП 41***);
**8.4. НАЛОГ ЗА ПРЕНОС** (*образец* ***ПП 30***);

**8.5. ЗБИРЕН НАЛОГ ЗА ПРЕНОС** (на товар на еден налогодавач во полза на еден примач по повеќе основи) (*образец **ПП 31***);

**8.6.ЗБИРЕН НАЛОГ ЗА ПРЕНОС** (на товар на еден налогодавач полза на повеќе примачи) (*образец **ПП 32***);

**8.7. НАЛОГ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ЈАВНИ ПРИХОДИ** (*образец **ПП 50***);

**8.8. ЗБИРЕН НАЛОГ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПЛАТА** (на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи) (образец **ПП53)**

**8.1.** Елементи на инструментот **УПЛАТНИЦА** (*образец **ПП 10***)

| | **Уплатувач** | | | **Примач** | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на уплатувачот - налогодавачот | задолжителен | 9. | Назив и седиште на примачот | задолжителен |
| 2. | Банка на уплатувачот | опционален | 10. | Банка на примачот | задолжителен |
| 3. | Повикување на број - одобрување | задолжителен | 11. | Трансакциска сметка (на примач) | задолжителен |
| 4. | Цел на дознака | опционален | 12. | Износ | задолжителен |
| 5. | Датум на уплата | задолжителен | 13. | Шифра (на плаќање) | задолжителен |
| 6. | Место на уплата | задолжителен | | | |
| 7. | Потпис | | 14. | Начин ( на плаќање) | опционален |
| 8. | Место за лого | задолжителен опционален | 15. | Наплатен надомест | задолжително (го впишува носителот) |

16. Место за автоматска обработка опционален

Содржина на елементите и нивно пополнување:

**1.** Елементот "***назив и седиште на уплатувачот – налогодавачот***", *(назив и седиште на правното или физичко лице-уплатувач)* е алфанумерички податок кој го пополнува учесникот, а го означува називот и седиштето на правното лице на начин како што е заведен во Централниот регистар, односно името и адресата на физичкото лице како е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издаден од надлежниот орган.

**2.** Во елементот "***банка на уплатувачот***", се впишува алфанумерички податок кој укажува на називот на банката каде што е извршена уплатата, односно банката каде што уплатувачот го поднесува инструментот заради извршување на платната трансакција. Овој елемент служи како дополнителна информација за бројот на трансакциската сметка на уплатувачот наведен на платниот инструмент а го пополнува учесникот.

**3.** Во елементот **"даночен број или ЕМБГ и повикување на број" (одобрување),** се впишува комбиниран нумерички и алфанумерички податок, од кои првите 13 места се даночен број или ЕМБГ, а останатите претставуиваат однапред договорен број помеѓу учесниците во платниот промет (уплатувач и примач), а содржи дополнителни информации за основата на плаќањето на средства (на пр. број на фактура, број на договор по платен аванс, број на продажно место, број на кредитна партија и други дополнителни информации) и го пополнува учесникот.За

нерезиденти физички лица во делот за даночен број или ЕМБГ се впишува бројот осум и дванаесет нули.

**4.** Во елементот **"*цел на дознака*",** кој е алфанумерички податок е содржан опис на намената и основата за уплатата на средства заради која е воспоставен налог, односно дава податоци за спроведување на контрола на податоци наведени во елементот **"***повикување на број* **"** и го пополнува учесникот.

**5.** Елементот **"*датум на уплата*",** е нумерички податок кој го пополнува учесникот-уплатувач, а носителот - банката го верифицира.

**6.** Елементот **"*место на уплата*",** е алфанумерички податок кој го пополнува учесникот, а укажува на местото каде истиот ги уплатил средствата.

**7.** Елементот **"*потпис*",** го пополнува учесникот, овластеното лице кое во правниот промет го претставува правното лице-уплатувач, односно физичкото лице-уплатувач со што инструментот станува налог за плаќање, т.е се одобрува извршување на трансакцијата.

**8.** Елементот **"*место за лого*",** е празно. На тоа место носителот или учесникот може да го втисне заштитниот знак заради препознатливост или од маркетиншки мотив.

**9.** Елементот **"*назив и седиште на примачот*",** (назив и седиште на правно или физичко лице) е алфанумерички податок кој го означува примачот на средствата. Го пополнува учесникот и во тоа поле се впишува називот и седиштето на правното лице на начин како што е заведен во Централниот регистар, односно името и седиштето на физичкото лице како што е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издаден од надлежниот орган.

**10.** Елементот **"*банка на примачот*",** е алфанумерички податок кој служи за визуелна проверка на инструментот И дополнителна информација за бројот на трансакциската сметка на примачот на средства наведен на платниот инструмент, а го пополнува учесникот.

**11.** Елементот **"*трансакциска сметка*",**(број на сметка на примач) претставува податок од 15 нумерички знака кои се внесуваат во 15 полиња, а го означуваат бројот на трансакциската сметка на клиентот во чија полза се врши плаќањето, односно примачот на средства. Истиот го пополнува учесникот.

**12.** Елементот **"*износ*",** (со бројки) претставува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри, кој го пополнува учесникот. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња (за износ), се ставаат две ѕвездички (**), со што би се минимизирала злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места) со што полето, со запирка, дените ги издвојува од денарите.

**13.** Елементот **"*шифра*",** *(на плаќање)* е нумерички податок сочинет од три нумерички знака кој го пополнува учесникот, согласно основата за плаќање, наведена во Шифрите на плаќање кај единствените платни инструментикои кој се составен дел на ова упатство, а кој го содржат описот на намената на дознаката и објаснението за неговата примена.

**14.** Елементот "***начин***" *(на плаќање)***,** е нумерички податок кој го пополнува учесникот-уплатувач, односно налогодавачот и тој укажува дали налогодавачот бара да се изврши уплатата итно (преку ***МИПС*-системот** на НБРМ), преку системите за одложено порамнување, или на друг начин. Ако овој податок не е впишан од страна на налогодавачот, тогаш нема третман на итно плаќање.

Кодирањето на начинот на плаќање е дефинирано во глава III. точка 15 на ова упатство.

**15.** Елементот "***наплатен надомест***"**,** е нумерички податок кој го впишува носителот (до колку со акт има предвидено да наплаќа надомест на трошок за прием на ефектива или за извршување на услуга).

**16.** Елементот "***место за автоматска обработка на податоци***"**,** е елемент во функција на носителот, кој му користи за полесна обработка на податоците и нивно автоматско процесирање.

Елементи на талонот-Потврда за уплатница

Талонот - Потврда за уплатница останува кај учесникот - уплатувач по извршена контролата (за идентичноста на податоците внесени во елементите на инструментот) од страна на носителот. Талонот содржи дел од елементите на самиот инструмент - Уплатница т.е.:

1. ***место за лого;***
2. ***трансакциска сметка (на примачот);***
3. ***износ;***
4. ***назив* и седиште (*на примачот);***
5. ***повикување на број при одобрување;***
6. ***шифра (на плаќање);***
7. ***начин (на плаќање)***
8. ***датум на уплата;***
9. ***место на уплата;***
10. ***место за потврда на прием.***

Елементот "***место за потврда на прием*** " е елемент во функција на учесникот, кој му користи како доказ за даден налог за извршување на одредена трансакција кај носителот.

**Користење на инструментот УПЛАТНИЦА (*образец ПП 10*):**

Уплатницата е инструмент кој во платниот промет го користат правните лица, физичките лица кои вршат регистрирана дејност и други физички лица. Уплатницата како инструмент се користи за уплата на готови пари во полза на сопствена сметка, како и уплата на готови пари во полза на туѓа сметка кога уплатува друго физичко лице. Со добивањето на овој платен инструмент, носителот (банката) од уплатувачот - налогодавачот добива соодветен износ на готови пари кои треба да ги уплати на сметката на примачот на средства. Уплатата може да биде на основа на: дневен пазар и други уплати, како и плаќање на обврски од страна на други физички лица кои не вршат регистрирана дејност.

## **8.2** Елементи на инструментот **НАЛОГ ЗА ИСПЛАТА НА ГОТОВИНА** (*образец* ***ПП 40***)

| **Налогодовач** | | | **Примач** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на налогодавачот | задолжителен | 9. | Назив и седиште на примачот (лице кое подига готовина) | задолжителен |
| 2. | Трансакциска сметка (на налогодавачот) | задолжителен | 10. | Единствен матичен број на физичкото лице (ЕМБГ на лицето кое ќе подига готовина) | задолжителен |
| 3. | Повикување на број-задолжување | опционален | 11. | Износ | задолжителен |
| 4. | Цел на исплата | опционален | 12. | Шифра (на плаќање) | задолжителен |
| 5. | Датум на исплата | задолжителен | | | |
| 6. | Место на исплата | задолжителен | 13. | Потпис на примачот (лицето кое подига готовина) | задолжителен |
| 7. | Потпис (на налогодавачот) | задолжителен | 14 | Наплатен надомест | задолжително (го впишува носителот) |
| 8. | Место за лого | опционален | | | |

15. Место за автоматска обработка
опционален

Содржина на елементите и нивно пополнување:

**1.** Во елементот "***назив и седиште на налогодавачот*"**, *(назив и седиште на правното или физичко лице-налогодавач*) е алфанумерички податок кој го пополнува учесникот, а го означува називот и седиштето на правното лице, на начин како што е заведен во Централниот регистар, односно името и адресата на физичкото лице, како што е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издаден од надлежниот орган.

**2.** Елементот "***трансакциска сметка***" *(на налогодавачот*), претставува податок од 15 нумерички знака кои се внесуваат во 15 полиња, а го означуваат: бројот на трансакциската сметка на налогодавачот на чиј товар се врши исплатата на средствата во готово и истиот го пополнува учесникот.

**3.** Во елементот "***повикување на број*"**, *(задолжување)* се впишува комбиниран нумерички и алфанумеричкин податок како поблиско објаснување за деловните промени на налогодавачот, за неговите потреби при аналитичка евиденција и сл.

**4.** Во елементот "***цел на исплата*** **",** кој е алфанумерички податок е содржан опис на намената и основата за исплатата, односно подигање на готовината заради кој е воспоставен налог, односно дава податоци за спроведување контрола на податоците содржани во елементот " повикување на број - при задолжување"

**5.** Елементот "***датум на исплата*"**, е нумерички податок кој го пополнува учесникот и означува кога календарски од трансакциската сметка на налогодавачот е исплатена готовина.

**6.** Елементот **"*место на исплата*",** е алфанумерички податок кој го пополнува учесникот, а укажува на местото каде на примачот (лицето овластено за подигање на готовина ) му се исплатени средствата.

**7.** Елементот **"*потпис*"** *(на налогодавач)* , го пополнува учесникот, овластеното лице кое во правниот промет го претставува правното лице-налогодавач, односно физичкото лице-налогодавач, со што му наложува на носителот да го исплати од трансакциската сметка наведениот износ.

**8.** Елементот **"*место за лого*",** е празно. На тоа место носителот или учесникот може да го втисне заштитниот знак заради препознатливост или од маркетиншки мотив.

**9.** Елементот **"*назив и седиште на примачот*"** *(лице кое подига готовина***),** е алфанумерички податок кој го означува името и презимето на лицето кое ја подига готовината од сметка за име на налогодавачот, на начин како што е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издаден од надлежниот орган и истиот го пополнува учесникот.

**10.** Елементот **"матичен број на примачот (ЕМБГ)",** е нумерички податок кој се внесува во 13 полиња. Го впишува учесникот на начин како што е евидентиран во документот и служи како потврда за идентификација при подигање на готовината.

**11.** Елементот **"*износ*",** (со бројки) претставува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри, кој го пополнува учесникот. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња (за износ), се ставаат две ѕвездички (**), со што би се минимизирала злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места) со што полето, со запирка, дените ги издвојува од денарите.

**12.** Елементот **"*шифра*"** *(на плаќање)***,** е нумерички податок сочинет од три нумерички знака кој го пополнува учесникот, согласно со основата за плаќање, наведена во Шифрите на плаќање кај единствените платни инструментикои кој се составен дел на ова упатство, а кој го содржат описот на намената на дознаката и објаснението за неговата примена.

**13.** Елементот **"*потпис на примачот*",** го пополнува учесникот-примач , при прием на готовината како дополнителна потврда- доказ, дека средствата му се исплатени.

**14.** Елементот **"*наплатен надомест*",** е нумерички податок кој го впишува носителот (до колку со акт има предвидено да наплаќа надомест на трошок за прием на ефектива или за извршување на услуга).

**15.** Елементот **"*место за автоматска обработка на податоци*",** е елемент во функција на носителот, кој му користи за полесна обработка на податоците и нивно автоматско процесирање.

Елементи на талонот-Потврда за исплата на готовина

Талонот - Потврда за исплата на готовина останува кај учесникот - налогодавач по извршена контролата (за идентичноста на податоците внесени во елементите на инструментот) од страна на носителот. Талонот содржи дел од елементите на

самиот инструмент - Налог за исплата на готовина т.е.:

***1. место за лого;***

***2. трансакциска сметка(на налогодавачот);***

***3. износ;***

***4. назив и седиште на примачот (лице кое ја подига готовината);***

***5. повикување на број - задолжување;***

***6.шифра (на плаќање) ;***

***7. место на исплата;***

***8. датум на исплата;***

***9.место за потврда на прием.***

Елементот "***место за потврда на прием***" е елемент во функција на учесникот, кој му користи како доказ за даден налог за извршување на одредена трансакција кај носителот.

**Користење на инструментот НАЛОГ ЗА ИСПЛАТА НА ГОТОВИНА** (***образец ПП 40***)

Инструментот Налог за исплата на готовина (*образец ПП 40*) се користи при подигање на средства (готовина) од трансакциската сметка на правното или физичко лице на шалтерите на банките, односно нивните организациони делови согласно законските прописи за подигање на ефектива

**8.3.**Елементи на **УПАТНИЦАТА ЗА ИСПЛАТА НА ГОТОВИНА** (*образец* ***ПП 41***)

| | **Упатувач** | | | **Примач** | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на упатувачот (налогодавач) | задолжителен | 10. | Назив и седиште на примачот | задолжителен |
| 2. | Трансакциска сметка на упатувачот (налогодавач) | задолжителен | 11. | Матичен број на примачот (ЕМБГ) | задолжителен |
| 3. | Банка на упатувачот (налогодавач) | опционален | 12. | Износ | задолжителен |
| 4. | Повикување на број - задолжување | опционален | 13. | Датум на исплата | задолжителен |
| 5. | Основ за исплата | опционален | 14. | Место на исплата | задолжителен |
| 6. | За месец | опционален | | | |
| 7. | Шифра (на плаќање) | задолжителен | 15. | Наплатен надомест | задолжително (за носителот или поштата) |
| 8. | Начин (на плаќањето) | задолжителен | 16. | Потпис (на примачот) | задолжително |
| 9. | Место за лого | опционален | | | |

17. Место за автоматска обработка (Опционален)

Содржина на елементите и нивно пополнување:

**1.** Во елементот "***назив и седиште на упатувачот***" *(назив и седиште на правното или физичко лице-налогодавач*) е алфанумерички податок кој го пополнува учесникот, а го означува називот и седиштето на правното лице, на начин како

што е заведен во Централниот регистар, односно името и седиштето на физичкото лице како е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издаден од надлежниот орган.

**2.** Елементот "***Трансакциска сметка на упатувачот***" (*налогодавач*), претставува податок од 15 нумерички знака кои се внесуваат во 15 полиња, а го означуваат: бројот на трансакциската сметка на налогодавачот на чиј товар се врши плаќањето и истиот го пополнува учесникот.

**3.** Во елементот "***банка на упатувачот***" (*налогодавач*), се впишува алфанумерички податок кој укажува на називот на банката каде се наоѓа трансакциската сметка на налогодавачот, односно банката каде што истиот го поднесува инструментот заради извршување на платната трансакција. Овој елемент служи како дополнителна информација за бројот на сметката на налогодавачот наведен на платниот инструмент и го пополнува учесникот.

**4.** Во елементот "***повикување на број***", *(задолжување)* се впишува комбиниран нумерички и алфанумерички податок како поблиско објаснување за деловните промени на налогодавачот - должник, кога плаќањето се врши во име и за сметка на друго лице, во име и за сметка на граѓанин по тековна сметка, за потреби на аналитичка евиденција на налогодавач и сл.

**5.** Во елементот "***основ за исплата***", кој е алфанумерички податок е содржан опис на намената и основот за упатување на средства заради која е воспоставен налог, односно дава податоци за спроведување контрола на податоците наведени во елементот " ***повикување на број***", *(задолжување).*

6**.** Елементот "***за месец***", е нумерички податок кој учесникот го впишува во две полиња, а означува месец за кој се врши исплата на (пензии, надомест на услуги, станарина и сл). Овој податок претставува дополнително објаснение за основата за упатување на средства.

**7.** Елементот "***шифра***" *(на плаќање)*, е нумерички податок сочинет од три нумерички знака кој го пополнува учесникот, согласно со основата за плаќање, наведена во Шифрите на плаќање кај единствените платни инструментикои кој се составен дел на ова упатство, а кој го содржат описот на намената на дознаката и објаснението за неговата примена.

**8.** Елементот "***начин***" *(на плаќање)*, е нумерички податок кој го пополнува учесникот-упатувач, односно налогодавачот и тој укажува дали подносителот бара да се изврши трансакцијата веднаш (преку *МИПС* - системот на НБРМ), преку системите за одложено порамнување, или на друг начин. Ако овој податок не е впишан од страна на налогодавачот тогаш, нема третман на итно плаќање.

Кодирањето на начинот на плаќање е дефинирано во глава ИИИ. точка 15 на ова упатство.

**9.** Елементот "***место за лого***", е празно. На тоа место носителот или учесникот може да го втисне заштитниот знак заради препознатливост или од маркетиншки мотив.

**10.** Елементот "***назив и седиште на примачот*** ", (назив и седиште на правното или физичкото лице) е алфанумерички податок кој го означува примачот на

средствата. Го пополнува учесникот и во тоа поле се впишува називот и седиштето на правното или физичкото лице на начин како што е заведен во Централниот регистар, односно името, седиштето и адресата на физичкото лице како е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издаден од надлежниот орган.

**11.** Елементот **"*матичен број на примачот* (ЕМБГ)",** е нумерички податок кој се внесува во 13 полиња. Го впишува учесникот и служи како потврда за идентификација при исплата на средства.

**12.** Елементот **"*износ*",** (со бројки) претставува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри, кој го пополнува учесникот. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња (за износ), се ставаат две ѕвездички (**), со што би се минимизирала злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места) со што полето, со запирка, дените ги издвојува од денарите.

**13.** Елементот **"*датум на исплата*",** е нумерички податок кој го пополнува носителот или службеникот на поштата (до колку постои договор помеѓу носителот и поштата за сервисирање на услугите од страна на поштата) при исплата на средствата.

**14.** Елементот **"*место на исплата* ",** е алфанумерички податок кој го пополнува носителот, а укажува на местото каде на примачот-корисник му се исплатени средствата.

**15.** Елементот **"*наплатен надомест*",** е нумерички податок кој го внесува носителот, а претставува надомест на трошок за извршена услуга при исплата на ефектива од страна на носителот или поштата (до колку постои договор помеѓу носителот и поштата за сервисирање на овој вид услуга).

**16.** Елементот **"*потпис*"** (на примач)**,** го пополнува учесникот-примач, при прием на средствата како дополнителна потврда - доказ, дека истите му се исплатени.

**17.** Елементот **"*место за автоматска обработка на податоци*",** е елемент во функција на носителот, кој му користи за полесна обработка на податоците и нивно автоматско процесирање.

Елементи на талонот - Потврда за упатница за исплата на готовина

Талонот - Потврда за упатница за исплата на готовина останува кај учесникот - налогодавач по извршена контрола (за идентичноста на податоците внесени во елементите на инструментот) од страна на носителот. Талонот содржи дел од елементите на самиот инструмент - Упатница т.е.:

***1.место за лого;***

***2. назив и седиште на упатувачот (налогодавач);***

***3. трансакциска сметка на упатувачот (налогодавач);***

***4. назив и седиште на примачот;***

***5. износ;***

***6. основа за исплата;***

***7. шифра (на плаќање);***

***8. за месец;***

***9. место за потврда на приемот.***

Елементот "***место за потврда на прием***" е елемент во функција на учесникот, кој му користи како доказ за даден налог за извршување на одредена трансакција кај носителот.

**Користење на инструментот УПАТНИЦА ЗА ИСПЛАТА НА ГОТОВИНА (*образец ПП 41)***

Упатницата за исплата на готовина се користи при исплата на готовина по дознаки, судски решенија на граѓани, при исплата на пензии и друг вид примања. Исплатата може да се изврши на благајна во централата на носителот - банката или на благајна во неговите организациони делови, на благајни во пошта, или преку пошта во домот (до колку носителот склучи договор со пошта за сервисирање на корисниците на услугите).

**8.4.** Елементи на инструментот **НАЛОГ ЗА ПРЕНОС** (***образец ПП 30*** ):

| | **Налогодовач** | | | **Примач** | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на налогодавачот | задолжителен | 9. | Назив и седиште на примачот | задолжителен |
| 2. | Трансакциска сметка на налогодавачот | задолжителен | 10. | Трансакциска сметка на примачот | задолжителен |
| 3. | Банка на налогодавачот | опционален | 11. | Банка на примачот | задолжителен |
| 4. | Цел на дознака | опционален | 12. | Износ | задолжителен |
| 5. | Повикување на број (задолжување) | опционален | 13. | Повикување на број (одобрување) | задолжителен |
| 6. | Потпис (на налогодавач) | задолжителен | 14. | Шифра (на плаќање) | задолжителен |
| 7. | Датум на валута | задолжителен | 15. | Начин (на плаќање) | опционален |
| 8. | Место за лого | опционален | 16. | Датум на поднесување | задолжителен |
| | | | 17. | Место на поднесување | задолжителен |

18. Место за автоматска обработка (опционален)

Содржина на елементите и нивно пополнување:

**1.** Елементот **"*назив и седиште на налогодавачот*",***(*назив и седиште на правното или *физичкото лице-налогодавач)* е алфанумерички податок кој го пополнува учесникот, а го означува називот и седиштето на правното лице, на начин како што е заведен во Централниот регистар, односно името, адресата и седиштето на физичкото лице како е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издаден од надлежниот орган.

**2.** Елементот **"*Трансакциска сметка на налогодавачот*",** претставува податок од 15 нумерички знака кои се внесуваат во 15 полиња кои го означуваат: бројот на сметката на налогодавач на чиј товар се врши плаќањето и истиот го пополнува учесникот.

**3.**Во елементот **"*банка на налогодавачот*",** се впишува алфанумерички податок кој укажува на називот на банката каде се наоѓа сметката на налогодавачот, односно банката каде што истиот го поднесува инструментот заради извршување

на платната трансакција. Овој елемент служи како дополнителна информација за бројот на трансакциската сметка на налогодавачот наведен на платниот инструмент, а го пополнува учесникот.

**4.** Во елементот **"*цел на дознака*",** кој е алфанумерички податок е содржан опис на намената и основата за плаќање заради кој што е воспоставен налог, односно дава податоци за спроведување на контрола на елементот "*повикување на број - при одобрување*"**.**

**5.** Во елементот **"*повикување на број*",** *(при задолжување)* се впишува комбиниран нумерички и алфанумерички податок како поблиско објаснување за деловните промени на налогодавачот - должник, кога плаќањето се врши во име и за сметка на друго лице, во име и за сметка на граѓанин по тековна сметка, за потреби на аналитичка евиденција на налогодавачот и сл.

**6.** Елементот **"*потпис*"** *(на налогодавачот*), го пополнува учесникот, овластеното лице кое во правниот промет го преставува правното лице-налогодавач, односно физичкото лице-налогодавач, со што инструментот станува налог за плаќање, т.е се одобрува извршување на трансакцијата.

**7.** Елементот **"*датум на валута*",** е нумерички податок кој го пополнува учесникот со што го означува календарски датумот кога од неговата сметка треба да се симнат средствата за да се изврши плаќањето, односно да се реализира трансакцијата.

**8.** Елементот **"*место за лого*",** е празно. На тоа место носителот или учесникот може да го втисне заштитниот знак заради препознатливост или од маркетиншки мотив.

**9.** Елементот **"*назив и седиште на примачот*",** (назив и седиште на правното или физичкото лице) е алфанумерички податок кој го означува примачот на средствата. Го пополнува учесникот и во тоа поле се впишува називот и седиштето на правното лице на начин како што е заведен во Централниот регистар, односно името, адресата и седиштето на физичкото лице како е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издадено од надлежниот орган.

**10.** Елементот **"*Трансакциска сметка на примачот*",** (број на т*рансакциска* сметката на примачот) претставува податок од 15 нумерички знака кои се внесуваат во 15 полиња, а го означуваат: бројот на трансакциската сметка на клиентот во чија полза се врши плаќањето, односно примачот на средства и истиот го пополнува учесникот.

**11.** Елементот **"*банка на примачот*",** е алфанумерички податок кој служи за визуелна проверка на инструментот и како дополнително образложение за бројот на сметката кој е наведен на платниот инструмент.

**12.** Елементот **"*износ*",** (со бројки) претставува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри, кој го пополнува учесникот. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња (за износ), се ставаат две ѕездички (**), со што би се минимизирала злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места) со што полето, со запирка, дените ги издвојува од денарите.

**13.** Во елементот "***повикување на број*"**, (*при одобрување)* се впишува комбиниран нумерички и алфанумерички податок, кој претставува однапред договорен број помеѓу учесниците (налогодавач и примач), а содржи дополнителни информации за основата на плаќање на средства (на пр. број на фактура, број на договор, број на продажно место, број на кредитна партија и други дополнителни информации).

**14.** Елементот "***шифра***" *(на плаќањето)***,** е нумерички податок сочинет од три нумерички знака кој го пополнува учесникот, согласно со основата за плаќање, наведена во Шифрите на плаќање кај единствените платни инструментикои кој се составен дел на ова упатство, а кој го содржат описот на намената на дознаката и објаснението за неговата примена.

**15.** Елементот "***начин***" *(на плаќањето)*, е нумерички податок кој би требало да го заведе налогодавачот и тој укажува дали подносителот бара да се изврши уплатата итно (преку ***МИПС*** - системот на НБРМ), преку системите за одложено порамнување, или на друг начин. Ако овој податок не е впишан од страна на налогодавачот тогаш, нема третман на итно плаќање.

Кодирањето на начинот на плаќање е дефинирано во глава III. точка 15 на ова упатство.

**16.** Елементот "***датум на поднесување*"**, е нумерички податок кој означува календарски кога е предаден инструментот кој го пополнува налогодавачот, а го верифицира носителот.

**17.** Елементот "***место на поднесување*"**, е алфанумерички податок кој го пополнува учесникот, а укажува на местото каде корисникот го поднел налогот за плаќање.

**18.** Елементот "***место за автоматска обработка на податоци*"**, е елемент во функција на носителот, кој му користи за полесна обработка на податоците и нивно автоматско процесирање.

Елементи на талонот-Потврда на налог за пренос

Талонот - Потврда на налог за пренос останува кај учесникот - налогодавач по извршена контролата (за идентичноста на податоците внесени во елементите на инструментот) од страна на носителот. Талонот содржи дел од елементите на самиот инструмент-Налог за пренос т.е.:

***1. место за лого;***

***2. трансакциска сметка на налогодавачот;***

***3. трансакциска сметка на примачот;***

***4. износ;***

***5. повикување на број на налогодавачот (одобрување)***

***6. повикување на број на примачот (задолжување)***

***7. шифра на плаќање;***

***8. начин на плаќање;***

***9.датум на поднесување;***

***10. дата на валута;***

***11. место за потврда на приемот.***

Елементот "***место за потврда на приемот***" е елемент во функција на учесникот, кој му користи како доказ за даден налог за извршување на одредена трансакција кај носителот.

**Користење на инструментот НАЛОГ ЗА ПРЕНОС (*образец ПП 30*):**

Инструментот **Налог за пренос** (*образец ПП30*) се користи кога надлежен орган му налага на носителот на платниот промет да изврши пренос на средства од сметката на должникот во корист на сметката на доверителот целосно или делумно по основ на извршување на решение за присилна наплата и налози за блокада на средства за безготовинско плаќање, каде налогодавачот - должник, му наложува на носителот (банката) на товар на неговата трансакциска сметка да пренесе средства на сметка на друг учесник - доверител. Исто така, овој платен инструмент може да се користи кога преносот на средства се врши меѓу две сметки на ист учесник, па дури и кога се врши книжење на одреден износ на средства во полза и на товар на иста сметка на учесникот како резултат на компензација, асигнација, цесија, преземање на долг, пренос на хартии од вредност и по основа на други пресметки пропишани со закон.

**8.5.** Елементи на инструментот **ЗБИРЕН НАЛОГ ЗА ПРЕНОС** (на товар на трансакциска сметката на еден налогодавач, во полза на еден примач по повеќе основи) (*образец* ***ПП 31***)

| **Налогодовач** | | | **Примач** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на налогодавачот | задолжителен | 8. | Назив и седиште на примачот | задолжителен |
| 2. | Трансакциска сметка на налогодавачот | задолжителен | 9. | Трансакциска сметка на примачот | задолжителен |
| 3. | Банка на налогодавачот | опционален | 10. | Банка на примачот | задолжителен |
| 4. | Датум на валута | задолжителен | 11. | Износ (вкупен) | задолжителен |
| 5. | Вкупен број на налози | задолжителен | 12. | Датум на поднесување | задолжителен |
| 6. | Потпис (на налогодавачот) | задолжителен | 13. | Начин (на плаќање) | опционален |
| 7. | Место за лого | опционален | 14. | Место на поднесување | задолжителен |

| 15. Реден бр. на налогот | 16 ИЗНОС (по поединечен налог во МКД) | 17 Целна дознаката | 18 шифра | 19. повикување на број (одобрување) | 20. повикување на број(задолжување) |
|---|---|---|---|---|---|
| задол. | задолжителен | задолжително | опционален | задолжителен | опционален |

| 21. | 22. | 23. |
|---|---|---|
| *место за потврда на приемот* | *вк. број на налози на страницица 1 од X број страници* | *Вкупен износ на стр.1 од X број страници* |
| задолжителен | задолжителен | задолжителен |

Содржина на елементите и нивно пополнување:

1. Елементот "***назив и седиште на налогодавачот***",*(назив и седиште на правното или физичкото лице-налогодавач*) е алфанумерички податок кој го пополнува

учесникот, а го означува називот и седиштето на правното лице, на начин како што е заведен во Централниот регистар, односно името, адресата и седиштето на физичкото лице како што е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издаден од надлежниот орган.

2. Елементот "***трансакциска сметка на налогодавачот***", претставува податок од 15 нумерички знака кој се внесува во 15 полиња кои го означуваат бројот на сметката на налогодавачот на чиј товар се врши плаќањето и истиот го пополнува учесникот.

3.Во елементот "***банка на налогодавачот***", се впишува алфанумерички податок кој укажува на називот на банката каде се наоѓа трансакциската сметка на налогодавачот, односно банката каде што истиот го поднесува инструментот заради извршување на платната трансакција. Овој елемент служи како дополнителна информација за бројот на сметката на налогодавачот наведен на платниот инструмент, и го пополнува учесникот.

4. Елементот "***датум на валута***", е нумерички податок кој го пополнува учесникот со што го означува календарски датумот кога од неговата трансакциска сметка треба да се симнат средствата за да се изврши плаќањето, односно да се реализира трансакцијата.

5. Во елементот "***вкупен број на налози***", е нумерички податок и претставува збир на сите поединечни налози содржани во збирниот налог и го пополнува налогодавачот.

6.Елементот "***потпис***" *(на налогодавачот*), го пополнува учесникот, овластеното лице кое во правниот промет го претставува правното лице-налогодавач, со што инструментот станува налогот за плаќање, т.е се одобрува извршување на трансакцијата.

7. Елементот "***место за лого***", е празен. На тоа место носителот или учесникот може да го втисне заштитниот знак заради препознатливост или од маркетиншки мотив.

8. Елементот "***назив и седиште на примачот***", (назив и седиште на правното или физичкото лице) е алфанумерички податок кој го означува примачот на средствата. Го пополнува учесникот и во тоа поле се впишува називот и седиштето на правното лице на начин како што е заведен во Централниот регистар, односно името, адресата и седиштето на физичкото лице како е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издадено од надлежниот орган.

9. Елементот "***трансакциска сметка на примачот***", (број на трансакциска сметката на примачот) претставува податок од 15 нумерички знака кои се внесуваат во 15 полиња, а го означуваат: бројот на трансакциска сметка на клиентот во чија полза се врши плаќањето, односно примачот на средства и истиот го пополнува учесникот.

10. Елементот "***банка на примачот***", е алфанумерички податок кој служи за визуелна проверка на инструментот и како дополнително образложение за бројот на трансакциска сметка на примачот кој е наведен на соодветниот платен инструмент.

11.Елементот "***износ***" *(вкупен)*, претставува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри, кој го пополнува учесникот. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња (за износ), се ставаат две ѕвездички (**), со што би се минимизирала злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места) со што полето, со запирка, дените ги издвојува од денарите. Во овој елемент се впишува вкупниот износ кој претставува збир на сите износи по поединечни налози.

12. Елементот "***датум на поднесување***", е нумерички податок кој го пополнува налогодавачот, а го верифицира носителот.

13. Елементот " ***начин*** " (*на плаќањето)*, е нумерички податок кој би требало да го заведе налогодавачот, и тој укажува дали подносителот бара да се изврши уплатата итно (преку ***МИПС*** -системот на НБРМ), преку системите за одложено порамнување, или на друг начин. Ако овој податок не е впишан од страна на налогодавачот тогаш, нема третман на итно плаќање.

Кодирањето на начинот на плаќање е дефинирано во глава III. точка 15 на ова упатство.

14. Елементот "***место на поднесување***", е алфанумерички податок кој го пополнува учесникот, а укажува на местото каде налогодавачот го поднел налогот за плаќање.

15. Елементот "***реден број на налогот*** " е нумерички податок кој го означува бројот на налогот според редослед и го пополнува учесникот - налогодавач.

16. Елементот "***износ***" *(по поединечен налог* во МКД), претставува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри, кој го пополнува учесникот. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња (за износ), се ставаат две ѕвездички (**), со што би се минимизирала злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места) со што полето, со запирка, дените ги издвојува од денарите. Во овој елемент учесникот го впишува износот кој се однесува на поединечниот налог.

17. Во елементот "***цел на дознака***", кој е алфанумерички податок е содржан опис на намената и основата за плаќање заради која е воспоставен налог, односно дава податоци за спроведување на контрола на податоците наведени во елементот "***повикување на број***" (*при одобрување)*. Збирниот налог за пренос содржи толку цели на дознаки колку што има основи за плаќање (по поединечни налози).

18. Елементот "***шифра***" *( на плаќање*), е податок сочинет од три нумерички знака кој го пополнува учесникот, согласно со основата за плаќање, наведена во Шифрите на плаќање кај единствените платни инструментикои кој се составен дел на ова упатство, а кој го содржат описот на намената на дознаката и објаснението за неговата примена.

19. Во елементот "***повикување на број***", (*одобрување)* се впишува комбиниран нумерички и алфанумерички податок, кој претставува однапред договорен број помеѓу учесниците (налогодавач и примач), а содржи дополнителни информации за основата на плаќање на средства (на пр. број на фактура број на договор, број на

продажно место, број на кредитна партија и  други дополнителни информации). Во збирниот налог, овој елемент се повторува толку пати колку што има поединечни налози.

20.Во елементот **"*повикување на број*",** *(задолжување)* се впишува комбиниран алфанумерички и нумерички податок како поблиско објаснување за деловните промени на налогодавачот - должник, кога плаќањето се врши во име и за сметка на друго лице, во име и за сметка на граѓанин по тековна сметка, за потреби на аналитичка евиденција на налогодавачот и сл. Овој елемент  кореспондира со бројот на налозите на збирниот налог, т.е. има толкав број на повикување на број колку што изнесува  бројот  на поединечни  налози.

21. Елементот  **"*место за потврда на прием*",** е елемент во функција на учесникот, кој му користи како доказ дека, дал налог за извршување на одредена трансакција кај носителот. Овој елемент  се повторува  толку пати колку што содржи страници збирниот налог.

22. Елементот  **"*вкупен број  налози на страница 1 од X број страници*",** е нумерички податок кој го означува вкупниот број на поединечни налози  содржани на првата страница од X број страници (во колку има повеќе од една страница). На наредните страница  се наведува  вкупниот број на  поединечни налози на конкретната страница  (на пр. вкупно 10 налога на страница  2 од  вкупно 5 страници )

23. Елементот  **"*вкупен износ на страница 1 од X број страници*",** претставува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри, кој го пополнува учесникот. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња (за износ), се ставаат две ѕвездички (**), со што би се минимизирала злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места)  со  што полето, со запирка, дените ги издвојува од денарите. Во овој елемент се впишува вкупниот износ (од сите износи  по поединечни  налози )  кои се наоѓаат на страница  1.

На наредните страници  исто така  се наведува вкупниот износ  од сите поединечни  налози  кои се наоѓаат во конкретната страница (на пр. Вкупен износ од сите налози кои се наоѓаат на втората страница или на третата страница  и.т.н.).

Користење  на инструментот  **ЗБИРЕН  НАЛОГ ЗА ПРЕНОС**  (кога на  товар на една  трансакциска сметка на налогодавачот, се плаќа во полза на една трансакциска сметка на примачот  по повеќе основи)  **(*образец  ПП 31*)**

Збирниот налог за пренос  е инструмент кој според  намената се состои од еден дел во два примерока и може да биде на повеќе страници, во зависност од бројот на поединечни  налози. Инструментот збирен налог за пренос е оригинален документ на налогодавачот  на кој, носителот го заверува приемот на определено место (ознака за прием) и истиот останува кај носителот како документ за задолжување на трансакциската сметка. Вториот примерок (од секоја страница) кој претставува извештај за задолжување, бидејќи е копија, ги содржи сите елементи и податоци на елементите како на првиот примерок (со веќе потврден прием од страна на носителот),  му се предава на учесникот како доказ за дадениот налог за извршување на трансакциите и следење на извршување  на плаќањето од неговата трансакциска сметка. Со збирниот налог за пренос имателот на трансакциската сметка поднесува и магнетен носител   на податоци ( во колку носителот-банката тоа го поставува како услов),  кој  задолжително ги содржи сите елементи  од поединечните налози  наведени на  збирниот налог за

пренос се користи тогаш кога налогодавачот врши плаќања во полза на еден примач по повеќе основи за плаќање.

**8.6.** Елементи на инструментот **ЗБИРЕН НАЛОГ ЗА ПРЕНОС** - ( на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи) (*образец* ***ПП 32***)

**Налогодавач**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Назив и седиште на налогодавачот | 2.Трансакциска сметка на налогодавачот | 3. Банка на налогодавачот | 4 Износ (вкупен) | | |
| задолжителен | задолжителен | опционален | задолжителен | | |
| 5. Потпис на налогодавачот | 6. Датум на валута | 7. Место на поднесување | 8.Датум на поднесување | 9.Вкупен број на налози | 10 Место за лого |
| задолжителен | задолжителен | задолжителен | задолжителен | задолжителен | опционален |

**Примач**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.Ред број | 12.Назив и седиште на примачот | 13.Трансакциска сметка на примачот | 14. Износ (по поединечен налог) | 15. Банка на примачот |
| задолжителен | задолжителен | задолжителен | задолжителен | задолжителен |
| 16. Цел на дознаката | 17.Повикување на број (одобрување) | 18. Повикување на број (задолжување) | 19.Шифра (на плаќањето) | 20.Начин(на плаќањето) |
| опционален | задолжителен | опционален | задолжителен | задолжителен |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | 22. | 23. |
| место за потврда на приемот | вк. број на налози на страница 1 од X број страници | Вкупен износ на страница 1 од X број страници |
| задолжителен | задолжителен | задолжителен |

Содржина на елементите и нивно пополнување:

**1.** Елементот **"*назив и седиште на налогодавачот*",** *( назив и седиште на правното или физичко лице-налогодавач*) е алфанумерички податок кој го пополнува учесникот, а го означува називот и седиштето на правното лице, на начин како што е заведен во Централниот регистар, односно името, адресата и седиштето на физичкото лице како што е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издаден од надлежниот орган.

**2.**Елементот **"трансакциска *сметка на налогодавачот*",** претставува податок од 15 нумерички знака кој се внесува во 15 полиња кои го означуваат бројот на трансакциската сметка на налогодавачот на чиј товар се врши плаќањето и истиот го пополнува учесникот.

**3.**Во елементот **"*банка на налогодавачот*",** се впишува алфанумерички податок кој укажува на називот на банката каде се наоѓа трансакциската сметка на налогодавачот, односно банката каде што истиот го поднесува инструментот заради извршување на платната трансакција. Овој елемент служи за дополнителна информација за бројот на сметката на налогодавачот, а го пополнува учесникот-налогодавач.

**4.** Елементот "***износ***" *(вкупен)***,** претставува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри, кој го пополнува учесникот. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња (за износ), се ставаат две ѕвездички (**), со што би се минимизирала злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места) со што полето со запирка дените ги издвојува од денарите. **Во овој елемент** се впишува **вкупниот износ** кој претставува збир **на сите износи по поединечни налози**.

**5.** Елементот "***потпис***" *(на налогодавачот*), го пополнува учесникот, овластено лице кое во правниот промет го претставува правното лице- налогодавач со што, инструментот станува налог за плаќање, т.е се одобрува извршување на трансакцијата.

**6.** Елементот **"*датум на валута*",** е нумерички податок кој го пополнува учесникот со што се означува календарски датумот кога од неговата трансакциска сметка треба да се симнат средствата за да се изврши плаќањето, односно да се реализира трансакцијата.

**7.** Елементот **"*место на поднесување*",** е алфанумерички податок кој го пополнува учесникот, а укажува на местото каде истиот го поднел налогот за плаќање.

**8.** Елементот **"*датум на поднесување*",** е нумерички податок кој означува календарски кога е предаден инструментот кој го пополнува налогодавачот, а го верифицира носителот.

**9.** Елементот **"*вкупен број на налози* ",** е нумерички податок кој претставува збир на сите налози (содржани на збирниот налог) и го пополнува учесникот-налогодавач.

**10.** Елементот **"*место за лого*",** е празен. На тоа место носителот или учесникот може да го втисне заштитниот знак заради препознатливост или од маркетиншки мотив

**11.** Елементот "***реден број***" *( на налог*)**,** е нумерички податок кој го означува бројот на налогот според редослед (прв, втор ) и го пополнува налогодавачот.

**12.** Елементот **" *назив и седиште на примачот*",** (назив и седиште на правното или физичкото лице) е алфанумерички податок кој го означува примачот на средствата. Го пополнува учесникот и во тоа поле се впишува називот и седиштето на правното лице на начин како што е заведен во Централниот регистар, односно името, адресата и седиштето на физичкото лице како што е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издадено од надлежниот орган. Овој елемент се повторува повеќе пати (во зависност од бројот на налозите).

**13.** Елементот **"трансакциска *сметка на примачот*",** (број на трансакциската сметка на примачот) претставува податок од 15 нумерички знака кои се внесуваат во 15 полиња, а го означуваат: бројот на трансакциската сметка на клиентот во чија полза се врши плаќањето, односно примачот на средства и истиот го пополнува учесникот. Овој елемент се повторува повеќе пати согласно со бројот на поединечните налози.

**14.**Елементот "***износ***" (*по поединечен налог)*, претставува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри, кој го пополнува учесникот. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња (за износ), се ставаат две ѕвездички (**), со што би се минимизирала злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места) со што полето, со запирка, дените ги издвојува од денарите. Во овој елемент учесникот го впишува износот кој се однесува по поединечниот налог.

**15.** Елементот "***банка на примачот*"**,** е алфанумерички податок кој служи за визуелна проверка на инструментот и како дополнително образложение за бројот на трансакциската сметка на примачот кој е наведен на соодветниот платен инструмент. Овој елемент се повторува повеќе пати согласно со бројот на налозите.

**16.** Во елементот "***цел на дознака*"**,** кој е алфанумерички податок е содржан опис на намената и основата за плаќање заради која е воспоставен налог, односно дава податоци за спроведување на контролата на податоците впишани во елементот "повикување на број при одобрување". Збирниот налог за пренос содржи толку цели на дознаки колку што има основи за плаќање.

**17.** Во елементот "***повикување на број*** "**,** (*одобрување)* се впишува комбиниран нумерички и алфанумерички податок, кој претставува однапред договорен број помеѓу учесниците (налогодавач и примач), а содржи дополнителни информации за основата на плаќање на средства (на пр. број на фактура број на договор, број на продажно место, број на кредитна партија и други дополнителни информации). Во налогот, овој елемент се повторува толку пати колку што има број на налози.

**18.** Во елементот "***повикување на број*"**,** *(задолжување)* се впишува комбиниран нумерички и алфанумерички податок како поблиско објаснување за деловните промени на налогодавачот - должник, кога плаќањето се врши во име и за сметка на друго лице, во име и за сметка на граѓанин по трансакциска сметка, за потреби на аналитичка евиденција на налогодавачот и сл. Овој елемент кореспондира со бројот на налозит е на збирниот налог, т.е. елементот се повторува толку пати колку што има број на налози.

**19.** Елементот "***шифра***" *( на плаќањето*), е податок сочинет од три нумерички знака кој го пополнува учесникот-налогодавач, согласно со основата за плаќање, наведен во Шифрите на плаќање кај единствените платни инструментикои кој се составен дел на ова упатство, а кој го содржат описот на намената на дознаката и објаснението за неговата примена.

**20.** Елементот "***начин***" *(на плаќањето*), е нумерички податок кој би требало да го заведе уплатувачот, односно налогодавачот и тој укажува дали подносителот бара да се изврши уплатата итно (преку *МИПС* -системот на НБРМ), преку системите за одложено порамнување, или на друг начин. Ако овој податок не е впишан од страна на налогодавачот, тогаш нема третман на итно плаќање.

Кодирањето на начинот на плаќање е дефинирано во глава III точка 15 на ова упатство.

**21.** Елементот "***место за потврда на приемот*"**,** е елемент во функција на учесникот, кој му користи како доказ дека, дал налог за извршување на одредена трансакција кај носителот. Овој елемент се повторува толку пати колку

што содржи страници збирниот налог.

**22.** Елементот **"*вкупен број налози на страница 1 од X број страници*",** е нумерички податок кој го означува вкупниот број на поединечни налози содржани на првата страница од X број страници. На наредните страници се наведува вкупниот број поединечни налози на конкретната страница (на пр. вкупно 10 налога на страница 2 од вкупно 5 страници).

**23.** Елементот **"*вкупен износ на страница 1 од X број страници*",** претставува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри, кој го пополнува учесникот. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња (за износ), се ставаат две ѕвездички (**), со што би се минимизирала злоупотреба. После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места) со што полето со запирка дените ги издвојува од денарите. Во овој елемент се впишува вкупниот износ (од сите износи по поединечни налози ) кои се наоѓаат на страница 1, односно страница 2 и.т.н.) На наредните страници исто така се наведува вкупниот износ од сите поединечни налози кои се наоѓаат на конкретната страница (на пр. вкупен износ на 10 налога на страница 2 од вкупно 5 странци).

Користење на инструментот **ЗБИРЕН НАЛОГ ЗА ПРЕНОС** (кога на товар на една трансакциска сметка на налогодавачот кај носителот, се плаќа во полза на повеќе примачи (*образец* ***ПП 32***)

Збирниот налог за пренос (*образец* ***ПП 32***) е инструмент кој според намената се состои од еден дел во два примероци и може да биде на повеќе страници, во зависност од бројот на поединечни налози. Инструментот збирен налог за пренос е оригинален документ на налогодавачот на кој носителот го заверува приемот на определено место (ознака за прием) и истиот останува кај носителот како документ за задолжување на сметката. Вториот примерок (од секоја страница) кој претставува извештај за задолжување, бидејќи е копија ги содржи сите елементи и податоци на елементите како на првиот примерок (со веќе потврден прием од носителот) му се предава на учесникот како доказ за дадениот налог за извршување на трансакциите и следење на извршување на плаќањето од неговата трансакциска сметка. Со збирниот налог за пренос имателот на трансакциската сметка поднесува и магнетен носител на податоци (до колку носителот-банката го поставува тоа како услов) кој задолжително ги содржи сите елементи од поединечните налози од збирниот налог за пренос. Се користи тогаш кога налогодавачот врши плаќања од една трансакциска сметка кај носителот во полза на повеќе примачи по повеќе основи за плаќање.

**8.7** Елементи на инструментот **НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ (*образец ПП 50* ):**

| | **Налогодовач** | | | **Примач** | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на налогодавачот | задолжителен | 9. | Назив и седиште на примачот | задолжителен |
| 2. | Банка на налогодавачот | опционален | 10. | Банка на примачот | задолжителен |
| 3. | Трансакциска сметка (на налогодавачот) | задолжителен | 11. | Трансакциска сметка (на примачот) | задолжителен |
| 4. | Даночен број или ЕМБГ | задолжителен | 12. | Износ | задолжителен |
| 5. | Повикување на број | | 13. | Уплатна сметка | задолжителен |
| | - задолжување | задолжителен | | | |
| 6. | Цел на дознака | опционален | 14. | Сметка на корисник | задолжителен |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Потпис | задолжителен | 15. | Приходна шифра и програма | задолжителен |
| 8. | Место за лого | опционален | 16. | Начин (на плаќањето) | опционален |
| | | | 17. | Датум на уплата | задолжителен |
| | | | 18. | Место на уплата | задолжителен |
| | | | 19. | Датум на валута | задолжителен |

18. Место за автоматска обработка (опционален)

Содржина на елементите и нивно пополнување:

1. Елементот **"назив и седиште на налогодавачот",**(назив и седиште на правното или физичкото лице-уплатувач) е алфанумерички податок кој го пополнува учесникот, а го означува називот и седиштето на правното лице, на начин како што е заведен во Централниот регистар, односно името, адресата и седиштето на физичкото лице како што е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издаден од надлежниот орган.

**2.** Во елементот **"банка на налогодавачот",** се впишува алфанумерички податок кој укажува на називот на банката каде што се наоѓа сметката на налогодавачот, односно банката каде што истиот го поднесува инструментот заради извршување на платната трансакција. Овој елемент служи како дополнителна информација за бројот на трансакциската сметка на налогодавачот наведен на платниот инструмент и го пополнува учесникот.

**3.** Елементот **"трансакциска *сметка на налогодавачот*",** претставува податок од 15 нумерички знака кои се внесуваат во 15 полиња кои го означуваат: бројот на трансакциската сметка на налогодавачот на чиј товар се врши плаќањето и истиот го пополнува учесникот.

**4.**Во елементот **"*даночен број или единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)*",** се впишува податок од 13 нумерички знаци кои претставуваат нумеричка идентификација на налогодавачот - даночен обврзник или даночен платец, или нумеричка идентификација на друго лице, во случај кога налогодавачот врши плаќање на јавна давачка во име и за сметка на тоа лице. За даночните обврзници, односно платци - правни лица , идентификатор е Единствениот даночен број доделен од Управата за јавни приходи, а за даночните обврзници - физички лица, идентификатор е Единствениот матичен број на граѓанинот, кој претставува негов даночен број. За нерезидентите физички лица идентификатор е бројот осум и дванаесет нули.

**5.** Во елементот **"*повикување на број*",** (*задолжување)* се впишува комбиниран нумерички и алфанумерички податок, како поблиско објаснување за деловните промени на налогодавачот - должник, кога плаќањето се врши во име и за сметка на друго лице, во име и за сметка на граѓанин,за потреби на аналитичка евиденција на налогодавачот и сл.

**6.** Во елементот **" *цел на дознака*"** кој е алфанумерички податок е содржан опис на намената и основата за плаќање заради која е воспоставен налог, односно дава податоци за спроведување на контролата на податоците впишани во елементот "повикување на број при одобрување". Покрај ова, во случај кога налогодавачот врши плаќање на јавна давачка во име и за сметка на друго лице, во овој елемент се впишува и називот и седиштето, односно името и презимето и местото на

живеење на лицето во чие име и за чија сметка налогодавачот врши плаќање. Кога се врши плаќање на придонеси во корист на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, задолжителен елемент е нумерички податок за бројот на фолиото.

**7.**Елементот "***потпис***" *(на налогодавачот*), го пополнува учесникот овластено лице кое во правниот промет го претставува правното лице - налогодавачот, односно физичкото лице-налогодавач, со што инструментот станува налогот за плаќање, т.е се одобрува извршување на трансакцијата.

**8.** Елементот "***место за лого***", е празен. На тоа место Министерството за финансии може да го отпечати својот назив заради препознатливост на налогот за плаќање на јавните приходи во корист на буџетот, додека налозите за плаќања кои се однесуваат на сметките на фондовите ќе го содржат логото на носителот-банките каде што фондовите имаат свои сметки.

**9.**Елементот " ***назив и седиште на примачот*** ", (назив и седиште на државниот орган) е алфанумерички податок кој го означува примачот на средствата, т.е Буџетот на Република Македонија (до колку се уплаќа данок, акциза, царина) или називот на фондот(до колку се плаќаат придонеси), а го пополнува учесникот.

**10.** Елементот **"банка на примачот",** е алфанумерички податок кој служи за визуелна проверка на инструментот и како дополнително образложение за бројот на сметката на примачот кој е наведен на соодветниот платен инструмент, а го пополнува учесникот.

**11.** Елементот **"трансакциска *сметка на примачот*",** (број на трансакциската сметка на примачот) претставува податок од 15 нумерички знака кои се внесуваат во 15 полиња, а го означуваат: бројот на трансакциската сметка на државниот орган (Трезорска сметка - Буџетот на Република Македонија-чија сметка се води во Народна банка на Република Македонија или фондовите), а во чија полза се врши плаќањето и истиот го пополнува учесникот.

**12.** Елементот "***износ***",(со бројки) претставува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри, кој го пополнува учесникот. Пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња (за износ), се ставаат две ѕвездички (**), со што би се минимизирала злоупотреба. После десетте полиња, се впишува, износот во дени (со две децимални места) со што полето со запирка дените ги издвојува од денарите.

**13.** Елементот "***уплатна сметка***" **(**за уплата на приходи за јавни потреби) е нумерички податок кој го претставува бројот на уплатната сметка за евидентирање на приливите на средства по основа на даноци, царини и други приходи на Буџетот на Република Македонија, Буџетите на единиците на локалната самоуправа и придонеси на Фондовите, согласно со Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи каде што:

- **во првите три полиња** се внесува податок од три нумерички знака кој ја претставува уплатната сметка и секогаш во првите две полиња се внесуваат нумеричките знаци 8 и 4 (доколку не се претходно отпечатени на налогот).
- **во вторите три полиња** се внесува податок од три нумерички знака кој претставува статистичка ознака на општината, и
- **во третата група од пет полиња** се внесува податок од пет нумерички знака кој го определува типот на јавниот приход кој се уплаќа.

**14.** Елементот ***"сметка на корисник"*** е нумерички податок кој се однесува на сметките на корисниците и единките корисници, кои се водат во рамки на Трезорската сметка и на сметките на здравствените установи кои се водат во Трезорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во чија корист се вршат сите уплати за извршени услуги од нивна страна како и приходи кои ги остваруваат по основ на донации и кредити. При овие уплати во определените групи од првите десет полиња, вторите три полиња и последните две полиња се внесуваат нумерички податоци и тоа::

- во првите десет полиња се внесува податок од десет нумерички знака кој се однесува на бројот на организационата класификација (Раздел) и регистарскиот број на корисникот(РБК).

- во вторите три полиња се внесува нумерички податок кој го идентификува типот на сметката на корисникот и

- во последните две полиња се внесува податок од два нумерички знака, од кои првиот го определува редниот број на сметката во рамки на сметките од ист тип на соодветниот корисник, а вториот е контролен број.

Налогодавачот - уплатувач ќе ги добие наведените информации од корисникот.

**15.** Елементот ***"приходна шифра и програма"***, е нумерички податок сочинет од **осум** нумерички знака. Првите шест нумерички знака, кои ја претставуваат приходната шифра, се пополнуваат согласно со шифрите наведени во Правилникот за класификација на приходите. Елементот приходна шифра не се пополнува доколку се работи за уплата на царини.

Наредните два нумерички знака ја претставуваат програмата на буџетскиот корисник и се пополнуваат согласно програмите на буџетските корисници и единките корисници предвидени со Буџетот за соодветна година, и тоа доколку се работи за уплата во полза на сметка на буџетски корисник.Налогодавачот - уплатувачот ќе го добие податокот за програмата од буџетскиот корисник.

**16.** Елементот **"начин"** (на плаќањето), е нумерички податок кој би требало да го заведе уплатувачот, односно налогодавачот и тој укажува дали подносителот бара да се изврши уплатата итно (преку МИПС - системот на Народна банка на Република Македонија), преку системите за одложено порамнување, или на друг начин. Ако овој податок не е впишан од страна на налогодавачот, тогаш нема третман на итно плаќање.

Кодирањето на начинот на плаќањето е дефинирано во глава III. точка 15 на ова упатство.

**17.** Елементот ***"датум на уплата"***, е нумерички податок кој го пополнува уплатувачот, а носителот го верифицира.

**18.**Елементот ***"место на уплата"***, е алфанумерички податок кој го пополнува учесникот, а укажува на местото каде корисникот го поднел налогот за плаќање.

**19.** Елементот ***"датум на валута"***, е нумерички податок кој го пополнува учесникот со што го означува датумот кога од неговата трансакциска сметка треба да се симнат средствата за да се изврши плаќањето, односно да се реализира трансакцијата.

**20.** Елементот ***"место за автоматска обработка на податоци"***, е елемент во функција на носителот, кој му користи за полесна обработка на податоците и нивно автоматско процесирање.

Елементи на талонот - Потврда за налог на јавни приходи

Талонот - Потврда за налог на јавни приходи останува кај учесникот - налогодавачот по извршена контролата (за идентичноста на податоците внесени во елементите на инструментот) од страна на носителот. Талонот содржи дел од елементите на самиот инструмент-Налог за јавни приходи т.е.:

1. **место за лого;**
2. **трансакциска сметка на налогодавачот;**
3. **износ;**
4. **трансакциска сметка на примачот;**
5. **цел на дознака;**
6. **уплатна сметка;**
7. **сметка на корисник;**
8. **приходна шифра и програма;**
9. **начин на плаќање;**
10. **датум на уплата;**
11. **место на уплата;**
12. **место за потврда на прием.**

Елементот "***место за потврда на приемот***" е елемент во функција на учесникот, кој му користи како доказ за даден налог за извршување на одредена трансакција кај носителот.

**Користење на инструментот НАЛОГ ЗА ПЛАЌАЊЕ ЈАВНИ ПРИХОДИ** (***образец ПП 50*** ):

Овој инструмент се користи исклучиво за плаќање на обврските по основа на јавни приходи и здравствени услуги од страна на правните лица и физичките лица. Со овој инструмент се плаќаат сите видови даноци, придонеси, царини, акцизи, здравствени услуги и други услуги (за учество на тендер, лекарски уверенија, донации, партиципација, специјализација, кирии, закупнини и сл.) Правните и физичките лица го вршат плаќањето од своите сметки. До колку плаќањето кај физичките лица се врши во готови пари, во елементот всметкаг се впишуваат две ѕвездички (**)".
Делот на налогот кој е со потемна позадина од транспарентната боја на налогот се однесува на уплатните сметки за даноци, придонеси и други јавни приходи, на сметките на буџетските корисници - единка корисник и на приходните шифри за даночни и неданочни јавни приходи.

**8.8** Елементи на инструментот **ЗБИРЕН НАЛОГ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПЛАТА** (на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи **(Образец ПП 53)**

**Налогодавач:**

1. Назив и седиште на налогодавач
2. Даночен број или единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)
3. Трансакциска сметка на налогодавач
4. Банка на налогодавачот
5. Вкупен износ
6. Вкупен број на налози
7. Датум на валута
8. Место на поднесување

9. Датум на поднесување
10. Потпис
11. Повикување на број – задолжување

**Примач**

12. Назив и седиште на примачот
13. Трансакциска сметка на примачот
14. Банка на примачот
15. Износ
16. Цел на дознака – фолио број
17. Повик на број - одобрување (податоци за нето плата или доколку се плаќаат придонеси „уплатна сметка“ „приходна шифра“„програма„)
18. Шифра
19. Начин

**Содржина на елементите и нивно пополнување:**

1. Елементот **„назив и седиште на налогодавачот“** (назив и седиште на правното или физичкото лице-налогодавач) го означува називот и седиштето на правното лице, на начин како што е заведен во Централниот регистар, односно името, адресата и седиштето на физичкото лице како што е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издаден од надлежен орган.
2. Во елементот „**даночен број или единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)**, се впишува податок од 13 нумерички знаци кои претставуваат нумеричка идентификација на налогодавачот-даночен обврзник или даночен платец, или нумеричка идентификација на друго лице, во случај кога налогодавачот врши плаќање на јавна давачка во име и за сметка на тоа лице. За даночните обврзници, односно платци-правни лица, идентификатор е Единствениот даночен број доделен од Управата за јавни приходи, а за даночните обврзници – физички лица, идентификатор е Единствениот матичен број на граѓанинот, кој претставува негов даночен број.
3. Елементот „**трансакциска сметка на налогодавачот“**, претставува податок кои го означуваат бројот на трансакциската сметка на налогодавачот на чиј товар се врши плаќањето и истиот го пополнува учесникот.
4. Во елементот **„банка на налогодавачот“**, се впишува називот на банката каде се наоѓа трансакциската сметка на налогодавачот, односно банката каде што истиот го поднесува инструментот заради извршување на платната трансакција. Овој елемент служи за дополнителна информација за бројот на сметката на налогодавачот, а го пополнува учесникот-налогодавач.
5. Елементот **„вкупен износ**“ претставува вкупен износ на поединечни налози во збирниот налог (при впишуивањето на износот на хартија пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња (за износ), се ставаат две звездички (**), со што би се минимизирала злоупотреба. Износот претставува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри, кој го пополнува Управата за јавни приходи После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места) со што полето со запирка дените ги издвојува од денарите)
6. Елементот **„вкупен број на налози“** претставува вкупен број на поединечни налози во збирниот налог.
7. Елементот **„датум на валута“**, е податок кој го пополнува учесникот со што се означува календарски датумот кога од неговата трансакциска сметка треба да се симнат средствата за да се изврши плаќањето, односно да се реализира

трансакцијата.

8. Елементот **„место на поднесување„** укажува на местото каде е поднесен налогот за плаќање.
9. Елементот **„датум на поднесување„** означува календарски кога е предаден инструментот кој го пополнува налогодавачот, а го верифицира носителот.
10. Елементот **„потпис„** го пополнува учесникот, овластено лице кое во правниот промет го претставува правното лице-налогодавач со што, инструментот станува налог за плаќање т.е. се одобрува извршување на трансакцијата.
11. Елементот **„повик на број – задолжување„** е податок во кој доколку налогодавач е буџетски корисник задолжително внесува соодветната „сметка на буџетски корисник", „ расходно конто" и „програма„ од која се врши плаќањето, а доколку не е буџетски корисник по потреба се внесуваат дополнителни податоци за плаќањето. Овој елемент се повторува повеќе пати (во зависност од бројот на налозите).
12. Елементот **„назив и седиште на примачот**", (назив и седиште на правното или физичкото лице-налогодавач) го означува називот и седиштето на правното лице, на начин како што е заведен во Централниот регистар, односно името, адресата и седиштето на физичкото лице како што е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издаден од надлежен орган. Овој елемент се повторува повеќе пати (во зависност од бројот на налозите).
13. Елементот **„трансакциска сметка на примачот"**, (број на трансакциска сметка на примачот) го означуваат бројот на трансакциската сметка на клиентот во чија полза се врши плаќањето, односно примачот на средства. Овој елемент се повторува повеќе пати согласно со бројот на поединечните налози.
14. Елементот **„банка на примачот**", е податок кој служи како дополнително образложение за бројот на трансакциската сметка на примачот. Овој елемент се повторува повеќе пати согласно со бројот на налозите.
15. Елементот **„износ" (по поединечен налог)**, претставува износот кој се однесува по поединечниот налог изразен во македонски денари (при впишуивањето на износот на хартија пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња (за износ), се ставаат две звездички (**), со што би се минимизирала злоупотреба. Износот претставува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри, кој го пополнува Управата за јавни приходи После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места) со што полето со запирка дените ги издвојува од денарите).
16. Во елементот **„цел на дознака – фолио број"** на почетокот од полето (22 места) задолжително се внесува фолио бројот генериран од Управата за јавни приходи, а во продплжение по потреба дополнителна информација за примачот со опис на намената и основата за плаќање заради која е воспоставен налогот. Овој елемент се повторува повеќе пати согласно со бројот на налозите.
17. Елементот **„повикување на број – одобрување"**, е податок во кој доколку се исплатува нето плата по потреба се внесува дополнителна информација за примачот на нето платата а доколку се плаќаат придонеси или персонален данок, задолжително се внесува соодветната „уплатна сметка" „приходна шифра" и „програма„.
18. Елементот **„шифра"** (на плаќањето), е податок сочинет од три нумерички знака кој се пополнува согласно со основата за плаќање, наведен во Шифрите на плаќање кај единствените платни инструменти кои се составен дел на ова

упатство, а кој го содржат описот на намената на дознаката и објаснението за неговата примена.

19. Елементот **"начин"** (на плаќање), е нумерички податок кој го пополнува учесникот-уплатувач, односно налогодавачот и тој укажува дали налогодавачот бара да се изврши уплатата итно (преку МИПС-системот на НБРМ), преку системите за одложено порамнување, или на друг начин. Ако овој податок не е впишан од страна на налогодавачот, тогаш нема третман на итно плаќање.

**Збирниот налог за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи** се состои од:

- електронски налози со збирни податоци на налогодавачот и поединечни податоци за примачите, и
- збирен печатен налог со збирни податоци за налогодавачот и талон од банката за налогодавачот во печатена форма.

**Елементи на електронскиот налог:**

1. Назив и седиште на налогодавач
2. Даночен број или единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)
3. Трансакциска сметка на налогодавач
4. Вкупен износ
5. Вкупен број на налози
6. Повикување на број - задолжување
7. Назив и седиште на примачот
8. Трансакциска сметка на примачот
9. Износ
10. Цел на дознака – фолио број
11. Повикување на број - одобрување
12. Шифра
13. Начин

Формата на електронскиот налог се договара помеѓу генераторот на налозите, Управата за јавни приходи и носителите на платен промет.

**Елементи на талонот во печатена форма:**

1. Датум на валута
2. Место на поднесување

**Елементи на збирниот печатен налог со збирните податоци за налогодавачот:**

1. Назив и седиште на налогодавач
2. Даночен број или единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)
3. Трансакциска сметка на налогодавач
4. Банка на налогодавачот
5. Повикување на број - задолжување
6. Вкупен износ
7. Вкупен број на налози
8. Место на поднесување
9. Датум на поднесување
10. Потпис
11. Фолио број

Збирниот печатен налог со збирни податоци за налогодавачот и завереniот талон од банка се печати во продолжение на Декларацијата за прием на пресметката за плата од Управата за јавни приходи.

Користење на инструментот: **ЗБИРЕН НАЛОГ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПЛАТА** (на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи **(Образец ПП 53)**

Инструментот Збирен налог за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи (образец ПП 53) се користи кога на товар на една трансакциска сметка на налогодавачот а во полза на повеќе примачи се плаќаат придонесите од задолжителното социјално осигурување, персонален данок и нето плата.

Банката ги презема електронските податоците за плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување, персонален данок и нето плата од Управата за јавни приходи.

Збирниот налогот за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи, е правилно пополнет доколку се правилно пополнети сите поединечни налози, односно, неправилно е пополнет доколку и само еден од индивидуалните налози вклучени во истиот е неправилен.

## III. ЗАЕДНИЧКИ ОБЕЛЕЖЈА НА ПЛАТНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ

**9.** Платните инструменти на хартија се дизајнирани во правоаголен облик и можат да бидат:

- во еден примерок од два дела (инструмент и талон) и
- во два примерока од еден дел (на самокопирачка хартија, која задоволува квалитетен пренос на податоци на копија)

**9.1**. За платниот инструмент - Збирен налог за плаќање на плата на товар на сметка на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи се користи 80 грамска бела офсет хартија.

**10.** Платните инструменти кои можат да се печатат во еден примерок во два дела (инструмент и талон) или во два примерока во еден дел (на самокопирачка хартија или (пресликувачка хартија ) се следните: уплатница (*образец ПП10*); налог за пренос (*образец ПП30*); налог за исплата на готовина (*образец ПП40*) и упатница за исплата на готовина (*образец ПП41)* се со единствени димензии (154x99мм) како и налогот за јавни приходи (*образец ПП50*) со димензии (154 x 109мм).

**10.1.** Платните инструменти кои се печатат во еден примерок во два дела покрај налогот имаат и талон од левата страна со димензии (56x99мм) кој е одделен од налогот со вертикална перфорација.

**10.2.** Платните инструменти: збирен налог за пренос (*образец ПП31, образец ПП32 и образец ПП53*) се печатат исклучиво во два примерока од еден дел и се со димензии (297 x 210мм).

**11.**Платните инструменти кои се печатат во два примерока од еден дел на вториот примерок задолжително имаат ознака копија која останува кај учесникот

после пополнувањето како доказ за извршеното плаќање.

**12.** Заднината на сите полиња во кој се впишуваат податоци е бела, а образецот е во транспарентна боја. Бојата на линиите и на исписите на обрасците е во нијанси специфицирани во прилогот - Графичко технички карактеристики на платните инструменти кои се составен дел на ова упатство.

**13.** Платните инструменти можат да се достават на хартија (образец со дефинирани елементи) или во електронски облик .

**13.1.** Дизајнот, графичко-техничките елементи за печатење на платните инструменти на хартија како и другите услови за печатење се содржани во прилогот - Графичко технички карактеристики на платните инструменти кои се составен дел на ова упатство.

**13.2**. Платните инструменти во електронски облик задолжително ги содржат елементите како платните инструменти на хартија. Формата може да ја дефинира секој носител, со задолжителен потпис во електронски облик.

**14.** Во рамките на системот на носителот, може да се користат налози за интерни трансфери пропишани од носителот.

**15.** Елементот "Начин на плаќање" укажува како налогодавачот му наложува на носителот да го изврши плаќањето ако тоа е надвор од системот на носителот. Укажувањето се изведува со пополнување на следните нумерички знаци: 1 или 2 кои се однесуваат

- за итно плаќање (што значи преку МИПС-системот на НБРМ) ќе се применува знакот: 1;

- за плаќање преку клириншка куќа се применува знакот: 2;

**16.** Во долниот дел на сите инструменти има место за автоматска обработка на податоци, каде можат да се печатат кодови за веќе внесените податоци со употреба на OCR A фонт.

## IV. ВПИШУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ВО ПЛАТНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ

**17.** Бројот на алфанумеричките знаци кои се впишуваат во елементите на платните инструменти се следни:

- назив и седиште на налогодавачот (уплатувач) максимум 70 знака
- назив и седиште на примачот максимум 70 знака
- цел на дознаката (исплата/уплата) максимум 70 знака
  и се внесуваат во два реда
- банка на уплатувачот (налогодавач) максимум 50 знака
- банка на примачот максимум 50 знака
- место на поднесување максимум 18 знака
- место на издавање максимум 18 знака
- место на плаќањето максимум 18 знака

- место на уплата максимум 18 знака
- место на исплата максимум 18 знака
- потпис максимум 10 знака

и се внесуваат во еден ред.

**18.** Бројот на нумерички знаците на платните инструменти, според елементи, изнесува:

- број на трансакциската сметка на налогодавачот; максимум 15 знака
- број на трансакциската сметка на примачот; максимум 15 знака
- износ со цифри (вклучувајќи го и полето со запирка) максимум 13 знака
- повикување на број (одобрување) максимум 24 знака
- повикување на број (задолжување) максимум 24 знака
- шифра на плаќање максимум 3 знака
- датум на плаќањето максимум 8 знака
- датум на валутата максимум 8 знака
- дата на поднесувањето максимум 8 знака
- начин на плаќањето максимум 1 знак

и се внесуваат во еден ред.

Податоците со алфанумерички знаци се внесуваат во за тоа предвиденото поле, со мали слободни простори помеѓу зборовите, додека нумеричките знаци се впишуваат така што секој знак се внесува во поединечно поле означено со цела полна или мала полна линија.

**19.** Согласно со точка 16 од ова упатство во "местото за автоматска обработка на податоци", носителите имаат обврска да ги внесуваат податоците во стандардизирана форма за секој инструмент на следниот начин:

19.1. Платен инструмент: ***ПП10 - Уплатница***
*Запис за автоматска обработка на податоци:*
**>>10<200401000123479<000001000000<800<<**
***Содржина:***
Поле 1: Ознака за тип на платен инструмент;
Поле 2: Трансакциска сметка на примачот (должина 15 карактери, со водечки нули во делот за индивидуална партија);
Поле 3: Износ (должина 12 карактери, со водечки нули, без децимална запирка)
Поле 4: Шифра на плаќањето (должина 3 карактери)
19.2. Платен инстумент : ***ПП 40-Налог за исплата на готовина***
*Запис за автоматска обработка на податоци:*
**>>40<200401000123479<0711962450001<000001000000<130**

***Содржина:***
Поле 1: Ознака за тип на платен инструмент;
Поле 2: Трансакциска сметка на налогодавачот
(должина 15 карактери Со водечки нули,
во делот за индивидуална партија)
Поле 3: ЕМБГ на примачот (должина 13 карактери);
Поле 4: Износ (должина 12 карактери, со водечки нули, без децимална запирка
Поле 5: Шифра на плаќањето (должина 3 карактери)

19.3. Платен инструмент : ***ПП 41 - Упатница за исплата на готовина***

*Запис за автоматска обработка на податоци:*

**>>41<200401000123479<05<0711962450001<000001000000<140<<**

***Содржина:***
Поле 1: Ознака за тип на платен инструмент;
Поле 2*:* Трансакциска сметка на налогодавачот *(*должина 15 карактери
со водечки нули, во делот за индивидуална партија)
Поле 3: За месец (должина 2 карактери)
Поле 4: ЕМБГ на примачот (должина 13 карактери)
Поле 5: Износ (должина 12 карактери, со водечки нули, без децимална запирка)
Поле 6: Шифра на плаќањето (должина 3 карактери)

19.4. Платен инструмент: ***ПП 30-Налог за пренос***

*Запис за автоматска обработка на податоци:*

***>>30<200401000123479<300000000029599<000001000000<200<<***

***Содржина:***
Поле 1: Ознака за тип на платен инструмент;
Поле 2*:* Трансакциска сметка на налогодавачот (должина 15 карактери со водечки нули, во делот за индивидуална партија
Поле 3: Трансакциска сметка на примачот (должина 15 карактери со водечки нули, во делот за индивидуална партија)
Поле 4: Износ (должина 12 карактери, со водечки нули, без децимална запирка)
Поле 5: Повикување на број -примач (должина 24 карактери)
Поле 6: Шифра на плаќање (должина 3 карактери)

19.5. Платен инструмент: ***ПП 50-Налог за јавни приходи***

*Запис за автоматска обработка на податоци:*

**>>50<200401000123479<100000000029500<000001000000<700543<<**

***Содржина:***
Поле 1: Ознака за тип на платен инструмент;
Поле 2: Трансакциска сметка на налогодавачот (должина 15 карактери, со водечки нули во делот за индивидуална партија);
Поле 3: Даночен број или ЕМБГ на налогодачот (должина 13 карактери);

Поле 4: Трансакциска сметка на примачот (должина 15 карактери, со водечки нули во делот за индивидуална партија);
Поле 5: Износ (должина 12 карактери, со водечки нули, без децимална запирка);

Поле 6: Приходна шифра и програма (должина 6 + 2 карактери).

**20.** Кај платните инструменти: **Збирен налог за пренос** (на товар на еден налогодавач во полза на еден примач по повеќе основи (*образец **ПП 31***) , **Збирен налог за пренос** (на товар на еден налогодавач во полза на повеќе примачи по разни основи ) - (*образец **ПП 32***) и Збирен налог за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи (Образец ПП53), нема автоматска обработка на податоци затоа што истите (до колку носителот-банката тоа го поставува како услов ) се поднесуваат кај носителот на магнетна лента.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**21.** Постојните единствени инструменти - обрасци за вршење на платниот промет согласно Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата ("Службен весник на Република Македонија", број 43/01, 103/01, 1/02, 40/02, 115/05 и 25/07) ќе се користат во платниот промет до 30.06.2008 година.

**22.**Со денот на отпочнување на примената на ова упатство престанува да важи Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата ("Службен весник на Република Македонија", број 43/01, 103/01, 1/02, 40/02, 115/05 и 25/07).

**23.** Ова упатството влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2008 година.

Број ____________
____________ година
Скопје

**МИНИСТЕР,**
д-р Трајко Славески

## *ПРИЛОГ: ПЛАТНИ ИНСТРУМЕНТИ - ОБРАСЦИ (8) :*

4.1. **Уплатница** (*образец **ПП 10***)
4.2. **Налог за исплата на готовина** (*образец **ПП 40***)
4.3. **Упатница за исплата на готовина** (*образец **ПП 41***)
4.4. **Налог за пренос** (*образец **ПП 30***)
4.5. **Збирен налог за пренос** (на товар на еден налогодавач во полза на еден примач по повеќе основи) (*образец **ПП 31***)
4.6. **Збирен налог за пренос** (на товар на еден налогодавач во полза на повеќе корисници по разни основи) (*образец **ПП 32***)
4.7. **Налог за плаќање на јавни приходи** (*образец **ПП 50***)
4.8. **Збирен налог за плаќање на плата** на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи (образец **ПП53**)